**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT**
**KËSHILLI I PROKURORËVE PUBLIK I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**

**Бр. 02-38/3**
**Скопје,28.02.2025 година.**

Записник од деветнаесетта седница на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија одржана на 28.02.2025 година.

Присутни:
г-ѓа Душица Димитриеска -Претседател на Советот
г-дин м-р Башким Бесими –Заменик претседател
г-дин Ардиан Демири член
г-ѓа Марјана Илиеска член
г-дин Љупчо Коцевски член
г-дин Ермон Незири член
г-ѓа Зорица Павловиќ член
г-ѓа Светлана Стојковиќ член

Претседателот на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија г-ѓа Душица Димитриеска констатираше дека на седницата се присутни мнозинството членови на Советот, со што сеа исполнети условите за одржување на деветнаесетта седница на Советот.

Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитиеска ја отвори деветнаесетта седница на Советот и воедно го предложи дневниот ред:

**Дневен ред**

1. Разгледување и усвојување на завршна сметка на Советот на јавните обвинители на РСМ за 2024 година
2. Донесување на одлука за утврдување на бројот на слободни јавно обвинителски места во основните јавни обвинителства за наредните две години
3. Разгледување на молбата-барање на јавниот обвинител во Вишото јавно обвинителтво Скопје
4. Разно

Вака предложениот дневен ред од страна на претседателот на Советот едногласно беше усвоен од страна на членовите на Советот.

Под точка еден од дневниот ред претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска кажа дека Советот има законска обврска за поднесување, разгледување и усвојување на завршната сметка за работењето на Советот за 2024 година до надлежните институции по што ги запозна членовите на Советот со содржината на завршната сметка на Советот за 2024 година. Кажа дека Советот на јавните обвинители на РСМ е буџетски корисник од прва линија од буџетот на РСМ, кој со својата дејност не остварува приходи односно не остварува добивка. Буџетот на Советот за 2024 година со извршениот ребаланс изнесувал вкупно 33.858.000 денари, а реализирани биле вкупно 32.504.000,00 денари и дека реализацијата на буџетот на Советот за 2024 година изнесувал вкупно 96%. Исто така членовите на Советот беа запознаени со бројката на реализирани средства. Кажа дека најголем дел од буџетот оди на исплата на плати и придонеси и воедно членовите на Советот беа запознаени за состојбите како по кој основ буџетските средства се трошени, така и по однос на плаќање комуналии, патни трошоци, регреси и останати ставки и конта. Кажа дека не се потрошени средства за патни и дневни трошоци, за оваа година не биле реализирани патувања во и надвор од РСМ. Откако заврши со излагањето отвори дискусија по оваа точка од дневниот ред.

Збор зема г-дин Ермон Незири кажа дека тоа е реалната бројка која неколку години наназад се провлекува, трошоците се јавно кажани и станува збор за бројки кои што се неспорни. Се надева дека во иднина буџетот ќе се зголеми и ќе може да се набави и опрема за директно следење на седниците на Советот. Кажа дека ќе гласа за усвојување на завршната сметка на Советот за 2024 година.

Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска истакна дека од страна на Советот биле побарани средства за набавка на таков вид на опрема, но од страна на Министерството за финансии во неколку наврати било кажано дека на Советот не му треба таков вид на опрема и не се обезбедени средства за набавка на истата. Потенцираше дека буџетските средства кои се доделени на Советот не ги задоволуваат потребите на Советот и дека се покриваат само основните потреби.

Откако никој не зема збор се помина на гласање за усвојување на завршната сметка на Советот за 2024 година.

**Заклучок: Советот на јавните обвинители на РСМ, донесе одлука со која едногласно беше усвоена завршната сметка на Советот за 2024 година.**

Под точка две од дневниот ред Претседателот на Советот кажа дека законска обврска на Советот е до крајот на месец февруари да се донесе одлука со која ќе се определи бројка на слободни јавно обвинителски места во основните јавни обвинителства во РСМ за наредна академска година и истата да се достави до АСЈО. Кажа дека согласно предвидената систематизација за бројот на јавни обвинители во јавните обвинителства во РСМ таа изнесува 261 јавен обвинител, дека во моментот пополнети се 169 јавно обвинителски места што значи дека слободни се 92 јавно обвинителски места. Кажа дека Советот секоја година доставува проекции до АСЈО согласно законските надлежности, но истакна дека АСЈО не ги репродуцира кадрите и дека една генерација касни со почетокот, а станува збор за деветтата

генерација на слушатели во АСЈО. Според проекцијата која што ја има направено Советот за да се зачува бројка која што е неопходна за функционирање на основните јавни обвинителства кои места се пополнуваат само со кадар кој има завршено почетна обука во АСЈО, даде предлог да се донесе одлука за 45 слободни јавно обвинителски места по што отвори дискусија по оваа точка од дневниот ред.

Збор зема г-ѓа Светлана Стојковиќ, која кажа дека бројките се познати односно колку се предвидени согласно систематизацијата на јавно обвинителски места во РСМ и колку места се пополнети. Истакна дека нов момент е дека ќе се изберат 47 јавни обвинители од кандидатите со завршена обука на осмата генерација на АСЈО и со тоа недостатокот од 92 јавни обвинители треба да се намали. Воедно кажа дека предлогот на претседателот на Советот за проекцијата на 45 јавни обвинители е реален и истиот ќе го подржи.

Јавниот обвинител на РСМ г-дин Љупчо Коцевски се согласи со предлогот на претседателот на Советот. Во однос на бројот на недостаток на 92 јавни обвинители смета дека треба да се земе во предвид и бројот на членови на Советот кои се јавни обвинители, а тоа се шест јавни обвинители на кои функцијата им мирува и не работат предмети.

Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска кажа дека тука е и бројката од 18 јавни обвинители кои по систематизација се предвидени во ОЈО ГОКК-Скопје и се земени во предвид, така да тие места се пополнуваат од други основни јавни обвинителства. Смета дека оваа бројка од 45 јавно обвинителски места е реална.

Откако никој не зема збор предлогот на претседателот на Советот беше ставен на гласање.

Едногласно членовите на Советот одлучија да се донесе одлука со која се утврдуваат 45 слободни јавно обвинителски места за Академската 2026/2028 година во основните јавни обвинителства.

**Заклучок: Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија донесе одлука за утврдување на 45 слободни јавно обвинителски места за Академската 2026/2028 година за јавни обвинители во основните јавни обвинителства.**

Под точка три од дневниот ред претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска кажа дека на претходната седница било дискутирано за поднесената молба од страна на јавниот обвинител во ВЈО Скопје-Наташа Крстевска Цалева, но со оглед дека истата била доставена до Советот еден ден пред одржување на седницата било одлучено истата да биде разгледана на денешната седница на Советот. Воедно ги запозна членовите на Советот со содржината на молбата каде стои дека јавниот обвинител Наташа Крстевска Цалева била назначена да раководи со ВЈО Скопје додека трае суспензијата на јавниот обвинител на ВЈО Скопје г-дин Мустафа Хајрулахи, меѓутоа истата смета дека има помалку стаж, дека треба да се фокусира на предметното работење и дека друг јавен обвинител со повеќе стаж подобро би одговорил на таа позиција. Воедно отвори дискусија по оваа точка од дневниот ред.

Збор зема членот на Советот г-ѓа Марјана Илиеска која кажа дека на минатата седница едногласно била донесена одлука за поставување на јавниот обвинител Наташа Крстевска Цалева да раководи со ВЈО Скопје.

Смета дека со оглед дека на денешната седница недостасуваат двајца члена на Советот кои исто така гласале за таа одлука, предложи оваа точка од дневниот ред да биде одложена за друг датум и во полн состав да се одлучи по молбата на јавниот обвинител Наташа Крстевска Цалева.

Членот на Советот г-ѓа Зорица Павловиќ се согласи со предлогот на колешката и исто така смета дека во присуство на сите членови на Советот треба да се донесе одлука по молбата на јавниот обвинител Наташа Крстевска Цалева.

Членот на Советот г-ѓа Светлана Стојковиќ кажа дека има свој став во однос на ова прашање и молба на јавниот обвинител Наташа Крстевска Цалева, но со оглед дека недостасуваат два члена на Советот, а при назначување за раководител на ВЈО Скопје на јавниот обвинител Наташа Крстевска Цалева гласале сите членови на Советот, смета дека можеби е подобро кога Советот ќе биде во полн состав да се донесе одлука по молбата на јавниот обвинител Наташа Крстевска Цалева.

Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска констатира дека едногласно од страна на присутните членови на Советот беше одлучено по оваа точка од дневниот ред да биде одлучувано кога Советот ќе биде во полн состав.

Под точка разно од дневниот ред претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска ги извести членовите на Советот дека до Советот од страна на јавниот обвинител Манка Јаневска-јавен обвинител на ОЈО Кичево која на ден 15.02.2025 година ги исполни условите за старосна пензија со навршување на 64 години, што било констатирано со одлука и решение од страна на Советот, истата доставила писмена изјава за продолжување на вршењето на функција јавен обвинител во која навела дека ја има примено одлуката и решението на Советот од 10.02.2025 година, меѓутоа со оглед дека е донесен Законот за изменување и дополнување на Законот за работните односи од 20.02.2025 година, во законски предвиден рок поднела изјава за продолжување на работниот однос. Со оглед дека Законот за измена и дополнување на Законот за работни односи стапил на сила по излегувањето во Службен весник на РСМ, а тоа е на 20.02.2025 година, а мандатот и траел до 15.02.2025 година, јавниот обвинител доставил уште една изјава до Советот со која ја повлекува предходната изјава за продолжување на работниот однос – функцијата јавен обвинител.

Откако никој не зема збор претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска ја заклучи деветнаесеттата седница на Советот.

Записникот го водел,
Генерален Секретар
Аспарух Мисајловски

**СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Претседател**
**Душица Димитриеска**